Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 240/0306
28.06 2018 год.
Скопје

28.06.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 25 јуни 2018 година, врз основа на примена жалба од ректорот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје, Никола Јанкуловски, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

Интернет порталот „Ако.мк“, со текстот насловен „Ректорот Јанкуловски подготвува упад во новиот Закон за високо образование со негов Статут за УКИМ“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 1.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 13 јуни 2018 година, ректорот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" – Скопје, проф.д-р Никола Јанкуловски, поднесе жалба за текстот со наслов „Ректорот Јанкуловски подготвува упад во новиот Закон за високо образование со негов Статут за УКИМ", објавен на 10 јуни 2018 година, на интернет порталот „Ако.мк" (www.ako.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, пристрасност во информирањето, незастапена втора страна, навреда и клевета.

Подносителот на жалбата, ректорот Јанкуловски, меѓу другото, наведува и дека бара јавно извинување од интернет порталот „Ако.мк", поради, како што посочува, непроверените информации со кои медиумот ја дезинформирал јавноста и со тоа создал крива слика за започнатата отворена демократска процедура на донесувањето на новиот Статут на УКИМ.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Ако.мк" и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Уредникот на „Ако.мк", Емилија Лазаревска, одговори на наводите на жалителот.

Лазаревска смета дека во оспорениот текст целосно е запазена процедурата за објавување на текстот, дека се работи за веродостоен новинарски производ, во кој се користени релевантни извори и преку лична комуникација со нив биле обезбедени доказите за напишаното.

*„Бидејќи изворот бараше анонимност, јас сум должна да го заштитам неговиот идентитет, што е вообичаена практика во новинарската работа. Текстот е објавен во неделата вечер, а во понеделникот не успеав да воспоставам телефонски контакт со ректорот, што секако продолжи да биде намера во денот потоа. Ако читате внимателно, ќе видите дека тој практично не го демантира напишаното во претходниот текст, туку спротивно, само ги потврдува наводите"*, појаснува Лазаревска во одговорот на жалбата.

Таа, меѓу другото, потенцира и дека веднаш го објавила демантот испратен од жалителот.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 1:

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно".*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 25 јуни 2018 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина. Притоа, најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во неа. Нејзината надлежност е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Членовите на Комисијата, најнапред, утврдија дека прилогот произлегува од јавниот интерес, а изборот на фактите во новинарскиот производ обезбедува објективна информација и согледување на повеќе аспекти на темата. Комисијата се согласи дека носителите на јавни функции, во случајов, ректорот Јанкуловски, се легитимна новинарска цел и не смеат да бидат изземени од теми за кои јавноста има право да биде информирана, но во исто време Комисијата најде и дека авторот на текстот, сепак, отстапил од основното новинарско правило да побара став од сите засегнати страни. Со тоа медиумот го прекрши членот 1 од Кодексот на новинарите, во кој се издвојува насловот од текстот:

***„Ректорот Јанкуловски подготвува упад во новиот Закон за високо образование со негов Статут за УКИМ".***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна", односно да им се даде можност на сите засегнати страни во текстот да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Во овој контекст, Комисијата констатира и дека потребата од брзина никогаш не смее да ја загрози професионалноста на текстот.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Критичкото следење на настаните, а особено на работата на носителите на јавни функции се меѓу главните задачи на новинарите, но тоа секогаш треба да биде во согласност со новинарските начела. Во согласност со Декларацијата за слободата на политичката дебата во медиумите, носителите на јавните функции и јавните институции прифатиле да бидат поставени под јавна критика за нивниот домен на работа. Новинарската слобода вклучува и искажување на гледишта до степен на претерување, дури и провокација, се' со цел да поттикне јавна дебата на конкретна тема.

Членовите на Комисијата утврдија дека со исклучок на отстапката од правилото на „втора страна", текстот на „Ако.мк" е професионален и етички. Комисијата не најде доволно елементи кои упатуваат на неточно и нефер известување, навреда и клевета, како што реагира подносителот на жалбата. Оттука, Комисијата се согласи и дека медиумот немал обврска да објави извинување, на што инсистира жалителот.

На крајот, членовите на Комисијата најдоа и дека медиумот објавил демант, со што го заштитил сопствениот интегритет и интегритетот на медиумот во кој работи.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Гоце Герасимовски, Теофил Блажевски и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет порталот „Ако.мк" (www.ako.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595